Арх.

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
-Државен инспекторат за животна средина-

Министерство за животна средина и просторно планирање-Државен инспекторат за животна средина преку виш водостопански инспектор Виолета А. Ѓорѓиева, со службена легитимација рег. бр.06-0024 од 25.01.2024год., изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Јавно претпријатие Водовод Куманово со Ц.О. Куманово со седиште на Ул.„Фетка Наскова“ бр.22, Куманово и со Записник број ип1 31-241 од 22.04.2025 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 83 став 1 од Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/2019,272/24,22/25), а во врска со примена на одредбите од Закон за води, го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

1) Се Опоменува субјектот на надзор Јавно претпријатие Водовод Куманово со Ц.О. Куманово, да ги отстрани утврдените со записник недостатоци и неправилности, и тоа:
   - Да изврши интервенција на дел од канализационата мрежа, лоцирана на дел од КП 26118/15 КО Куманово,дел од речното корито на река Кумановка, делница с.Проевци, општина Куманово и да ги превземе сите неопходни заштитни мерки и активности кои се потребни за заштита од загадување на водотекот на река Кумановка и на подземните води при испуштањето.

2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение, изнесува 30 (триесет) дена од приемот на решението.

3) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

4) ~~Се задолжува субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, во рок од 15 дена да ги надомести трошоците за вршење на инспекцискиот надзор, во износ од __________денари, на жиро сметка број _______________________.~~

5) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување

## Образложение

Министерство за животна средина и просторно планирање-Државен инспекторат за животна средина врз основа на член 230 став 1 од Закон за води (Сл. весник на РМ“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на РСМ бр. 151/21,3/25), преку виш водостопански инспектор Виолета А.Ѓорѓиева, со службена легитимација рег. бр.06-0024 од 25.01.2024 год. изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор, состави Записник број ип1 31-241 од 22.04.2025 година, во кој се констатирани наоди за утврдена фактичка состојба: Во врска со препратен записник 29ип1-227 составен на ден 15.04.2025 год од страна на државен инспектор за животна средина, во кој се наведени неправилности за изведена канализациона мрежа лоцирана на дел од КП 26118/15 КО Куманово, во с. Проевци која е лоцирана во непосредна близина на речното корито на река Кумановка, каде од истата во одредени временски периоди е забележано истекување на црвена течност. За оваа појава од страна на виш инспектор за животна средина при ЕЛС Куманово на ден 24.03.2025 год и ден 02.04.2025 год направени се барања до акредитирана лабораторија за хемиско тестирање на отпадна вода за примероци земени од река Кумановка. По однос на упатените барања од страна на ангажираната акредитирана лабораторија БДА е изготвен Лабораториски извештај од тестирање со бр.188 и 189 од извршени анализи на отпадна вода (површинска) од река Кумановка мост на с.Проевце. За добиените резултати лабараторијата во извештајот нема наведено МДК референтни вредности ниту пак има донесено заклучок/мислење во однос на граничните вредности. По однос на предметот и издаден налог 31-498/2 , на ден 22.04.2025 год се изврши увид на посочената локација при што се утврди дека во с.Проевце под мостот на река Кумановка на КП 26118/15 КО Куманово е поставена цевка од која се испушта урбана отпадна вода директно во водното тело, без претходно да биде соодветно третирана, пречистена и испуштена во реципиент. Од увидот во документацијата која ја поседува субјектот е утврдено дека субјектот на надзор е носител на Дозвола УП1 бр. 11-1491/19 од 16.03.2020 год. за испуштање во водите со рок на важност од 6(шест) години издадена од страна на Министерство за животна средин и просторно планирање. Со оглед на тоа што субјектот е надлежен за канализационите објекти и канализационите мрежи кои се лоцирани во урбаниот дел на општина

Куманово, а се категоризирани како линиски инфраструктурни објекти од локално значење согласно закон, потребно е да изнајде техничко решение и отпадната вода која се испушта директно во река Кумановка, да биде собрана во канализационата мрежа која преку систем ќе ја доведе до Пречистителната станица, соодветно ќе ја третира и ќе врши контрола врз истата .

Доколку при експлоатација на системот се јави потреба од промена на условите зададени со дозволата за испуштање во водите субјектот на надзор е должен да побара од надлежното министерство измена на условите на истата.

Носителот на дозволата е должен да ги превземе сите неопходни заштитни мерки и активности кои се потребни за заштита од загадување на водотекот на река Кумановка и на подземните води при испуштањето .

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА
Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на решението.

Решено во Државен инспекторат за животна средина под број бр. Ип1 31-241 од 24.04.2025 година

Виш водостопански инспектор
Виолета А.Ѓорѓиева д.г.и.
рег.бр.06-0024 од 25.01.2024 год.